# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ„ВЕРА КОТОРКА„ С.КЛЕЧОВЦЕ 2022-2023 ГОД.



**ЈУНИ, 2023 год.**

## Вовед во самоевалуацијата

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

- ✓ **Колку е добро нашето училиште?**
- ✓ **Како го знаеме тоа?**
- ✓ **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

**Цели на самоевалуацијата**

- ✓ Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- ✓ Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето.
- ✓ Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, стручен соработник, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- ✓ Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- ✓ Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- ✓ Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- ✓ Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- ✓ Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- ✓ Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

## Процес на самоевалуацијата




Шематски приказ на процесот на самоевалуација

Извештајот е изготвен врз основа на Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта, донесен врз основа на член 129 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 ).

## Лична карта на училиштето

***-Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| *Име на училиштето* | ООУ,,Вера Которка,, |
| *Адреса, општина, место* | с.Клечовце , Куманово |
| *Телефон* | О31/476-300 |
| *фах* | / |
| *Е-маил* | vera.kotorka@gmail.com |
| *Основано од* | Општина Куманово |
| *Верификација - број на актот* | 09.06.1995 година |
| *Година на верификација* | 19-1234/3 |
| *Јазик на кој се изведува наставата* | Македонски јазик |
| *Година на изградба* | 1928 |
| *Тип на градба* | Тврда градба |
| *Површина на објектот* | 642 м2 |
| *Површина на училишен двор* | 3340 м2 |
| *Површина на спортски терени и игралишта* | 420 м2 |
| *Училиштето работи во смена* | Не |
| *Начин на загревање* | На дрва |
| *Број на одделенија* | девет |
| *Број на паралелки* | седум |
| *Број на смени* | Прва смена |

Основното училиште ,,Вера Которка,, се наоѓа во центарот на с.Клечовце, општина Куманово и истото е поврзано со афалтен пат со Куманово и меѓународниот пат кон Бугарија, кој поминува преку Крива Паланка.Во непосредна близина на училиштето е лоцирано земјоделското стопанство ,,Клечовце,, и погонот за полнење на минерална вода ,,Визиана,, каде што се вработени дел од родителите на учениците кои главно се занимаваат со земјоделство и градежништво. Училиштето е од основен тип на развиеност. Првото училиште во село Клечовце било формирано уште во 1873 година, а наставата се изведувала во простории на ан. Првото наменско училиште било изградено 1894 година а наставата се изведувала на српски наставен јазик. Денешната училишна зграда е изградена 1928 год. кога се изведувала настава од I до IV одделение. Во 1958/59 год. училиштето прераснало во осумгодишно по што биле доградени уште две училници и канцеларија за наставниците и директорот.

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| *Број на училишни згради* | еден |
| *Училишен двор* | еден |
| *Број на подрачни училишта* | нема |
| *Бруто површина* | 719 м2 |
| *Нето површина* | 642 м2 |
| *Број на спортски терени* | еден |
| *Број на катови* | еден |
| *Број на училници* | седум |
| *Број на помошни простории* | две |
| *Училишна библиотека* | има |
| *Начина на загревање на училиштето* | на дрва |

- ***Материјално – технички услови***

Училишната зграда е стара, а во фазата на имплементација на Проектот за модернизација на образование се заменети влезните врати и подот во една училница. Од средствата кои се добиваат за тековно одржување реновирани се ѕидовите во 4 училници. Во учебната 2009-2010 год. е реновиран покривот како и таваниците. Средствата за ова се обезбедени од Министерството за образование. Започнувајќи од април, 2018 година во училиштето се сменети 14 стари прозорци со нови ПВЦ прозорци, како и обновена е фасадата на предниот дел на училиштето. Овие зафати финансиски се покриени и изведени од страна на Чешката Абасада во Скопје. Исто така изграден е и нов санитарен јазол за учениците во склоп на училишната зграда кој беше пуштен во употреба во месец септември, 2018 година. Санитарниот јазол е донација на Чешката амбасада со подршка на Локалната самоуправа. Саниран е каналот за отпадни води пред влезот на училиштето. Оваа активност е реализирана во соработка со Секторот за образование при општина Куманово. Со изведување на овие активности постигнати се развојните задачи на првата стратешка цел во равојниот план на училиштето, а воедно и многу е подобрен амбиенталниот изглед и овозможени се подобри услови за изведување на наставата, но сепак е потребно уште труд и залагање сето тоа да биде на уште повисоко ниво поради што и инфраструктурното подобрување е ставено како приоритетна стратешка цел во развојното планирање на училиштето во наредните четири години.

Училиштето располага со седум училници, канцеларии за наставниците, стручната служба и директорот како и помношни простории. Со оглед на малиот број на ученици, просторните услови одговараат на законскиот норматив, со исклучок на училницата во која минатата учебна година учеа учениците од шесто одделение. Наставата по сите предмети, освен информатика се изведува во училници. Поради постоење на недоволен број на простории не постојат услови за изведување на кабинетска настава.

Во претходните учебни години делумно е обновен ученичкиот мебел со што е прилагоден на возрасните критериуми на учениците. Кабинетот по информатика е обновен со опрема донирана од република Кина и инсталирана од проектот на УСАИД – е-школо. Сместен е во преадаптирана просторија, која во фазата на имплементација

на вториот грант за поддршка на развојното планирање од Проектот за модернизација на образованието беше адаптирана во мини фискултурна сала. Просторно и по бројот на компјутери не ги задоволува нормативите. До овие промени дојде по раздвојување на учениците од петто и шесто одделение во чисти паралелки. Поставена е електрична инсталација и добини се нови маси и столчиња за компјутерите кои се добиени во учебната 2009-10 год.во рамките на владиниот проект- Компјутер за секое дете. Сите наставници ги користат добиените лаптоп компјутери.
Како донација од Министерството за информатичко општество, во рамки на проектот Набавка на периферни уреди за основни и средни училишта се добиени и современи технички уреди кои служат за осовременување на наставата.Од првиот грант од проектот за Модернизација на образованието се набавени современи аудио-визуелни и други наставни средства кои наставниците ги користат во склад на образовните потреби и можности. Училишната библиотека го збогати фондот со нови лектирни изданија кои се во склад со новите наставни планови и програми. Фондот на стручна литература за наставниците е мал и не ги задоволува потребите, но не постојат можности за обновување.Поради недостиг од простории сместени се во училишниот хол. Пред седум години набавени се наставни средства и помагала за предметот физичко и здравствено образование, со средства добиени од вториот грант од проектот за модернизација на образованието. Пред две години, исто така, набавени се нови нагледни средства по предметите: природни науки, билогија, математика, хемија како и по физичко и здравствено обраование. Во холот на училиштето постојано се изложуваат ученички трудови кои ја презентираат нивната наставна и воннаставна ативност. Во фазата на имплементација на Проектот за модернизација на образованието, обезбедени се паноа и шкафови за изложување и чување на ученички трудови, со што нивната презентација е посоодветна. Училишниот двор пред пет учебни години е целосно ограден и уреден, но неопходно е и поставување на клупи и канти за отпадоци.Спортскиот терен во дворот е земјен и не ги задоволува потребите на училиштето.

***Наставен и ненаставен кадар***

| Наставен и ненаставен кадар | вкупно | Македонци | | Албанци | | Турции | | Роми | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 16 | 5 | 11 | / | / | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 11 | 3 | 7 | / | / | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 1 | / | 1 | / | / | | | | | | |
| Административни работници | 1 | 1 | / | / | / | | | | | | |
| Техничка служба | 2 | 1 | 1 | / | / | | | | | | |
| Директор | 1 | 1 | / | / | / | | | | | | |

***Степен на образование на вработени***

| образование | Број на вработени | Број на наставници кои дополнуваат | вкупно |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Високо*** | *13* | *5* | *18* |
| ***Виша стручна спрема*** | *1* | *2* | *3* |
| ***Средно*** | *2* | */* | *2* |
| ***Вкупно*** | *16* | *7* | *23* |

***Старосна структура на вработени***

| ***години*** | ***Број на вработени (матични)*** |
|---|---|
| ***20-30*** | / |
| ***31-40*** | 6 |
| ***41-50*** | 7 |
| ***51-пензија*** | 3 |

## Извори и средства за користење на податоци потребни за спроведување на Самоевалуацијата

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација на училиштето, како и податоци од професионалните досиеја на наставниците, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите во секое од областите.

## Училишна комисија

Училишна комисија составена од 5 члена која беше утврдена на училишниот одбор во состав :

1.Бојана Доневска / психолог
2. Марјан Сибиновски / проф.по историја
3.Ивана Ѓоргиевска/ проф. по одд.настава
4. Ивана М.Трајковска/ проф.по англиски јазик
5. Мерлина Додевска / родител

## Тим за самоевалуација

Секој од наставниците добија одговорност да сработат по едно од седумтте области за што училишната комисија за самоевалуација според член 129, став 2 од законот за основно образование им додели решенија за членство во училишниот тим за самоевалуација при ООУ,,Вера Которка,,с.Клечовце и тоа:

- **Ивана Ѓоргиевска** за **одговорен член** на училишниот тим за самоевалуација 2021-2023 год. при ООУ,,Вера Которка,, с.Клечовце одговорен за **Област 1 - Организација и реализација на наставата и учењето. ( Бојана Доневска-член 2 на тимот за соодветната област).**

- **Ивана М.Трајковска** за **одговорен член** на училишниот тим за самоевалуација 2021-2023 год. при ООУ,,Вера Которка,, с.Клечовце одговорен за **Област 2 - Постигања на учениците.**
- **Марија Стаменковска** за **одговорен член** на училишниот тим за самоевалуација 2021-2023 год. при ООУ,,Вера Которка,, с.Клечовце одговорен за **Област 3 – Професионален равој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар.**
- **Марјан Сибиновски** за **одговорен член** на училишниот тим за самоевалуација 2021-2023 год. при ООУ,,Вера Которка,, с.Клечовце одговорен за **Област 5 – Комуникации и односи со јавноста.**
- **Ивана Стојковски** за **одговорен член** на училишниот тим за самоевалуација 2021-2023 год. при ООУ,,Вера Которка,, с.Клечовце одговорен за **Област 4 – Управување и раководење.**
- **Марија Стојановска** за **одговорен член** на училишниот тим за самоевалуација 2021-2023 год. при ООУ,,Вера Которка,, с.Клечовце одговорен за **Област 6 – Училишна клима и култура**
- **Ивана Пешевска** за **одговорен член** на училишниот тим за самоевалуација 2021-2023 год. при ООУ,,Вера Которка,, с.Клечовце одговорен за **Област 7 – Соработка со родители и со локалната средина.**

Во изготвување на прашалници за ученици, наставници, родители и директор како и во спроведување на анкетирањето и прибирање на податоците учествуваше училишниот психолог Бојана Доневска.
Врз основа на добиените резулатати од извршената самоевалуација беа одредени клучните јаки и слаби страни на работата на училиштето како и приоритетните области на кои ќе работи училиштето во наредниот период.

## Време на спроведување на самоевалуацијата

Самоевалуацијата е спроведена во периодот од две наставни години (2021-2023) согласно законот за основно образование и правилникот за самоевалуација на основни училишта.

## Структура на самоевалуацијата

| **Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето** |
|---|

Индикатори:

1.1. Реализација на наставни планови и програми
1.2. Квалитет на наставни планови и програми
1.3. Воннаставни активности

3.1. Планирања на наставниците
3.2. Наставен процес
3.3. Искуства на учениците од учењето
3.4. Задоволување на потребите на учениците

3.5. Оценувањето како дел од наставата
6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни капацитети

**Област 2. Постигање на учениците**

Индикатори:

2.1.Постигања на учениците
2.2.Задржување/осипување на учениците
2.3.Повторување на учениците
3.6. Известување на напредокот на учениците
4.4. Следење на напредокот на учениците

**Област 3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**

Индикатори:

6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар
6.4.Следење на развојните потреби на наставниот кадар

**Област 4 . Управување и раководење**

Индикатори:

7.1.Управување и раководење со училиштето

**Област 5. Комуникации и односи со јавноста**

Индикатори:

1.Комуникации на ниво на училиште
2.Комуникации на ниво на училница
3.Комуникација со окружување на училиштето

**Област 6.Училишна клима и култура**

Индикатори:

4.1.Севкупна грижа за учениците
4.2.Здравје
4.3.Советодавна помош за понатамошно образование
5.1.Училишна клима и односи во училиштето
5.2.Промовирање на постигањата
5.3.Еднаквост и правичност
6.5.Финансиско работење во училиштето
7.2.Цели и креирање на училишна политика
7.3.Рзвојно планирање

**Област 7.Соработка со родителите и со локалната средина**

Индикатори:

5.4.Соработка со родителите и локалната заедница

## Извештај од извршената самоевалуација

Извештајот е изготвен врз основа на Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта.
Училишната комисија формирана од директорот со решение број 02-29/3 од 20.02.2023, донесено врз основа на Одлука на Училишниот одбор од 20.02.2023год., во состав:
1Бојана Доневска / психолог
2. Марјан Сибиновски / проф.по историја
3.Ивана Ѓоргиевска/ проф. по одд.настава
4. Ивана М.Трајковска/ проф.по англиски јазик
5. Мерлина Додевска / родител

ги разгледа извештаите од тимовите по подрачјата од самоевалуацијата и ги донесе следниве предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата:

### *Област1:Организација и реализација на наставата и учењето*

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Подршката на училиштето за посета на семинари и друг вид на стручно усовршување со цел за современа и квалитетна настава.<br>- Опфатеност на голем дел на ученици во СУА без разлика на успехот, полот, национална и верска припадност.<br>- Задоволни родители од членувањето на учениците во СУА и придобивките кои ги стекнуваат од нив.<br>- Учениците се задоволни од вклученоста во: додатна, дополнителна настава, СУА, соработка со стручна служба и воспитно делување на наставниците.<br>- Задоволни ученици од можноста што им ја дава училиштето да се афирмираат во средината.<br>Добар дел од наставниците имаат интегрирано аспекти од меѓуетничка интеграција во наставата. |
| **Слаби страни**<br>- Недоволна информираност на родителите за Наставните планови и програми пропишани од МОН според кои се работи.<br>- Недоволна иницијатива за вклучување и афирмирање на родителите во реализација на еколошката програма<br>- Училиштето нема усвоено начин за информирање на учениците за увид во Наставните планови и програми и учениците не знаат дека може да бидат информирани за истите.<br>- Училиштето не располага со доволен фонд на стручна литература. |
| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот на развој на училиштето** |
| - Воспоставување на процедура за информирање на родителите и учениците за Наставните планови и програми според кои се работи во училиштето.<br>- Снабдување со стручна литература на наставниот кадар со цел осовременување на наставата. |

## *Област 2: Постигања на учениците*

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Училиштето соработува со родителите и им дава повратни информации за постигањата и дисциплината на нивните деца;<br>• Соработува со други стручни служби и институции од локалната заедница;<br>• При оценувањето на учениците не се прави разлика во однос на полот, економскиот или социјалниот статус;<br>• Редовна реализација на дополнителната и додатната настава од страна на наставниците;<br>• Стручната служба е секогаш достапна и отворена за соработка со учениците, родителите и наставниците;<br>• Наставниот кадар е стручен и квалитетен;<br>Почитување и примена на уписната политика за ученици во прво одделение.; |
| **Слаби страни**<br>• Учениците немаат дополнителна литература во библиотечниот фонд за подобрување на постигнувањата;<br>• Дел од родителите недоволно соработуваат со одделенскиот и раководителот на паралелката и стручната служба и докрај не ги изнесуваат проблемите на своите деца;<br>• Недостаток од простории за реализација на дополнителна, додатна настава и слободни активности.<br>• Наставниците не ги идентификуваат надарените ученици. |
| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот на развој на училиштето** |
| • Набавка на дополнителна литература која ќе им биде достапна на учениците со цел да ги подобрат своите постигнувања но и да ги прошират сопствените видици;<br>• Зголемување на соработката со родителите на учениците за да се подобри нивната редовност во наставата |

## *Област 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар*

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Наставниот кадар е соодветен, а училиштето редовно ги идентификува потребите од нивно професионално усовршување;<br>• Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи;<br>• Работата на наставниот кадар соодветно е надополнета и олеснета од страна на стручната служба. |
| **Слаби страни**<br>• Наставниците имаат потреба од обуки за работа со деца со посебни потреби ,воведување на нови наставни методи и техники, семинар за дислексија и работа со ученици со ПОП. |
| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот на развој на училиштето** |

- Да се обучат наставници за давање прва медицинска помош и заштита при несреќен случај;
- Да се организираат обуки за работа со ученици со ПОП и ученици со потешкотии во учењето;
- Реализирање на интерни обуки и дисеминации во училиштето;
- Редовно да се изведува симулација по Правилникот за заштита и спасување од елементарни непогоди.

## *Област 4: Управување и раководење*

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>-Посветеност и креативност на наставен кадар<br>-Позитивна работна атмосфера |
| **Слаби страни:**<br>-Нема консулатции со родители и ученици во креирање на училишна политика<br>-Нема повратни информации од одлуките на УО за вработените |
| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот на развој на училиштето** |
| -Поголемо вклучување на родителите и учениците во креирање на училишна политика |

## *Област 5:Комуникација*

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Добрата соработка која владее помеѓу училишниот персонал почнувајки од директорот, наставниците, стручната служба и техничкиот персонал<br>- Постои добра соработка и другарување помеѓу учениците<br>-Не постои поделба во училиштето на верска,расна и национална основа. |
| **Слаби страни:**<br>-Слаба заинтересираност на родителите за успехот,редовноста и поведението на нивните деца<br>-Поради одржување настава во повеќе училишта на извесен начин отежната е комуникацијата помеѓу предметните наставници<br>-Недоволна вклученост на родителите во Проектот за меѓуетничка интеграција . |
| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот на развој на училиштето** |
| - Подобрување на комуникацијата со институциите на локалната самоуправа<br>-Комуникација со бизнис секторот<br>-Подобрување на соработка со установи како што се театар, кино, библиотека, музеј и сл. за посета на ученици |

| |
|---|
| -Воспставување на комуникација со медиуми |

## *Област 6:Училишна клима и култура*

**Клучни јаки страни**

- Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата
- Училиштето е безбедно за изведување настава и инфраструктурата (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот и тн.) не претставуваат опасност од повреди за учениците.
- Училиштето има донесено Кодекс за однесување на учениците
- Советодавна работа со ученици кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување реализира психологот
- Учениците знаат што е насилство, можат да го препознаат и знаат каде да го пријават
- Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции и ичилиштето соработува со локалните субјекти во наоѓање начини за спречување на користење алкохол и наркотични средства
- Училиштето организира хуманитарни акции спроведени од ученици и самоиницијативно им помага на децата од социјално загрозените семејства
- Училиштето се грижи за одржување на хигиената во него
- Во случај на појава на заразна болест, училиштето спроведува процедура за заштита од нејзино ширење. Во овие услови на пандемија училиштето во целост ги спроведува протоколите пропишани од МОН за заштита од ширење на вирусот КОВИД.
- Училишниот двор се одржува чист и секое утро од него се собираат сите отпадоци
- Редовно се реализираат еколошки и работни акции во училиштето
- Учениците од деветто одделение имаат можност да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта кои ќе им помогнат при изборот на нивното понатамошно образование
- Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии
- Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, полициска станица и други компетентни институции
- Училиштето води евиденција за напредокот и поведението на учениците во секој одделенски дневник
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците ( на родителски или индивидуални средби или со пристап во Е- дневникот)
- Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи
- Училиштето има критериуми за оценување на учениците
- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците
- Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците

**Слаби страни**

- Во училиштето нема обучен кадар за давање прва медицинска помош и заштита при несреќен случај
- Незадоволително е присуството на родителите на проблематичните и слаби ученици на повик и на родителски средби
-Училиштето не ги поттикнува и наградува учениците кои континуирано постигнуваат одличен успех и имаат примерно поведение
-Односот на однесување на некои наставници кон родителите е несоодветен и непрофесионален

| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот на развој на училиштето.** |
|---|
| -Поголема соработка со родителите на проблематичните и слаби ученици и подигање на нивната свест за значењето на образованието<br>-Незадоволително е присуството на родителите на проблематичните и слаби ученици на повик и на родителски средби |

## *Област 7:Соработка со родители*

| **Клучни јаки страни**<br>-Постои добра соработка помеѓу родителите на учениците и училиштето.<br>-Родителите имаат можност да се вклучат во животот на училиштето преку најразлични форми и активности.<br>-Постои добра соработка помеѓу Советот на родители и училиштето. |
|---|
| **Слаби страни**<br>-Не постои взаемна и отворена соработка со локалната заедница.<br>-Сорботката со бизнис секторот е на ниско ниво. |
| **Идни активности: приоритетни подрачја ( оддели ) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во Планот на развој на училиштето** |
| - Да се изнајдат начини за воспоставување на соработка со невладиниот сектор и продлабочување на соработката со деловната заедница. |

## Заклучок од самоевалуацијата

Врз основа на член 129, став 1,2,3,4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 161/19), училишната комисијата на крајот од учебната 2022/23 година спроведе самоевалуација за работата и постигањата на училиштето. За поголема ефикасност во работењето, се формираа тимови по области, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На

тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.
Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на три нивоа (се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – **добар**. Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум области, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.
Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

**Предлог мерки:**

¬ Да се обезбедат материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби

¬ Во оперативните планови за наставен час наставниците да ги диференцираат целите според можностите на учениците, односно да изготвуваат прилагодени задачи за учениците кои имаат потешкотии во учењето

¬ Училиштето да превземеме активности за безбеден пристап на ученици со телесни пречки во развојот

¬ Да се превземат активности со партнер училиштето ООУ „Толи Зордумис “ –општина Куманово, во рамките на програмата МИМО

¬ Да се организираат интерни обуки на наставниот кадар за реализација на настава со вклучени стратегии на КРРП и решавање проблеми.

Горенаведените предлог мерки ќе се додадат во Годишната програма за работа на училиштето и во Програмата за развој на училиштето.

Училишна Комисија за самоевалуација:

1Бојана Доневска / психолог
2. Марјан Сибиновски / проф.по историја
3.Ивана Ѓоргиевска/ проф. по одд.настава
4. Ивана М.Трајковска/ проф.по англиски јазик
5. Мерлина Додевска / родител

Датум: Директор:
Јуни,2023 Андријана Аскелиевска